**Предлагачи:** Група пратеници

**Д О:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 72, ставови 1 и 2 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991) и чл. 47 од *Деловникот на Собранието на Република С. Македонија* (Сл. весник на РМ бр. 248/2023), Ви поднесуваме

# И Н Т Е Р П Е Л А Ц И Ј А

## ЗА РАБОТАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – АФРИМ ГАШИ

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Актуелниот претседател на Собранието на РМ – г. Африм Гаши, уште од самиот почеток кога е именуван на оваа важна државна функција, започна и продолжува да работи своеволно, нестручно, несовесно, непрофесионално, а згора на сè и противправно (противуставно, противзаконски и противделовнички). Досега, во неговиот краток мандатен период од назначувањето, во повеќе наврати – свесно и злонамерно, со предумисла и тенденциозно, ги прекршува Уставот, позитивните законски прописи со кои е уредена работата и начинот на функционирање на законодавниот дом, како и Деловникот на Собранието на РМ. Во само два месеца, се почесто сме сведоци на низа тврдоглави и намерно испровоцирани **с к а н д а л и** во неговото претседателствување, што не остава никаков простор за „добра волја“ (лат. *bona fide*) и не дава надеж дека тој би се поправил во идното негово работење. Од тие причини, ние како пратеничка група на Левица, благовремено ја поднесуваме оваа Интерпелација за работата на актуелниот парламентарен „спикер“ Гаши, а истата ја засноваме на следниве индиции, докази, факти и правно-релевантни наводи:

### *1. Повреда на секуларноста на државата*

а) Уште од самиот старт, сведоци сме на најразлични недолични прекршувања на новиот собраниски Деловник и воведување неприфатливи и досега невидени пракси кои се без преседан и досега не биле дел од секојдневната тековна работа и нормалното легално функционирање на овој највисок претставнички орган на граѓаните во една парламентарна демократија. Па така, на

ден 12 јули 2024 година (петок), во Собранието се одржа настан по повод Одбележување на 11 Јули – „Меѓународен ден на сеќавање на геноцидот во Сребреница“ (во 1995 год.), прогласен согласно *Резолуцијата усвоена од Генералното собрание на Обединетите Нации* на 24 мај 2024. На овој настан, од страна на претседателот на Собранието и претставници и здруженија на бошњачката заедница во Република С. Македонија, во оддавањето почит на жртвите во геноцидот изведоа недозволива религиозна церемонија, односно **верски обред** на исламската заедница во службените простории, т.е. во официјалното седиште на Собранието на РМ [сала „Борис Трајковски“]! Со самиот чин на манифестација на овој обред се повреди членот 19 од Уставот на РМ (1991), како ius cogens норма, како и *Амандманот VII* на Уставот (2001), со кои е уредена секуларноста на државата, како важно уставно начело, односно тоа дека: „Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот“!

Религиозната слобода произлегува од внатрешниод суд на совеста на поединецот, како субјективно право на убедување во услови на „плурализам на вери“ – скапо платен принцип низ вековите со голем број жртви, погроми и драконски казни. Оваа слобода не подлегнува на никакви ограничувања и подметнувања! Таа значи слободно практикување или непрактикување на вероисповеста, т.е. вродено право на секој човек да каже или да не каже какви уверувања има – независно дали станува збор за верник, агностик, атеист или, пак, за оние кои се рамнодушни кон верата. Начелото на секуларност, кај нас, не за џабе е стипулирано како уставен принцип, бидејќи ја подразбира т.н. доктрина на **лаичка држава** – според која религијата се третира за строго лична работа на единката (*res privata*), односно интимно чувство на граѓанинот сместено во приватната сфера на човековото битисување. Тоа значи дека кај нас не постои „официјална религија“ и државните институции не можат да бараат од никого – на никаков јавен настан – да исповеда било каква вера или конфесија, спротивно на својата совест и внатрешно уверување! Впрочем, лаицитетот е фундаментален принцип од кој зависи опстанокот и развојот на демократските системи во современото општество.

б) **Судската пракса на Уставниот суд на РМ** ја потврдува оваа наша теза, како веќе пресудена работа (*res iudicata*) во две свои значајни одлуки – *У. Бр. 202/2008* (од 15 април 2009 год.) и *У. Бр. 104/2009* (од 22 септември 2010). Според Судот, поаѓајќи од содржината на уставните одредби, меѓудругото произлегуваат и следниве постулати:

- правото да се припаѓа на одредена вера подразбира и право да не се припаѓа на ниедна религија и да не се исповедува нејзиното учење;
- не постои државна религија која би била повластена и не се признаваат никакви привилегии на било која вера по било кој основ;
- постои слобода на здружување на граѓаните заради остварување на нивните уверувања врз основа на програми и дејствувања кои не се насочени, покрај другото, и кон верска омраза и нетрпеливост!

Слободата на вероисповеста, според правното мислење (*opinio iuris*) на Уставниот суд, „нужно во себе ги содржи принципите дека секој има слобода, без влијание од никого и без никакво инволвирање на државата, да го определи своето верско уверување; да прифати или да не прифати одредена вера или да прифати друга вера, т.е. да ја промени претходната; понатаму, воопшто да не прифати никаква вера; да ја исповеда или да не ја исповеда својата вера; да

учествува или да не учествува во верски обреди итн. Државата, во тој контекст, од своја страна, согласно со принципот на одвоеност од верските прашања, мора да ја задржи својата републиканска неутралност и не смее да се меша во сензитивните религиски прашања, да го поттикнува определувањето за определена вера или за верата воопшто, ниту пак да наметнува верски конформизам или да бара спроведување на верски активности, како општествено пожелно поведение“ [параграф §5].

в) Тука, оправдано се поставува и прашањето дали со ова непромислено, наметливо и тенденциозно групно однесување, предводено од парламентарниот спикер и од модераторката на настанот, имало верска дискриминација спрема останатите присутни во салата, кога истите de facto биле „приморани“ да учествуваат во ритуална молитва практикувана од припадниците на една религија vis-à-vis јавните слободи на останатите? Според **јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права** (Стразбур) – утврдена во *Пресудата Рефак против Турција* (*Refah Partisi and others v. Turkey – Applications nos. 41340/98, 41342.98, 41343/98 and 41344/98* од 31 јули 2001, а потврдена од Големата комора на 13.02.2003) како и во други слични случаи – државната власт не смее да дозволи било кој да биде принуден да ја изразува својата конфесија и таа мора избалансирано да ги усогласува интересите на различните верски групи. Со други зборови, „државата мора да биде непристрасен гарант на практикувањето различни вери и убедувања, што претставува еден од основните темели на демократијата… за да може да обезбеди мирна коегзистенција и толеранција меѓу луѓето со различни уверувања“ [§65 & §70]! Во однос на прашањето за религиозниот фундаментализам и догматските вредности, Европскиот суд најде дека тој нема никакво оправдување со оглед на Конвенцијата и дека тоа е „антитеза на демократијата“ [§71] и „опасност за јавниот поредок“ [§77], односно дека заштитата на лаицитетот е суштински принцип од кој зависи опстанокот на современите цивилизирани демократски европски општества, т.е.: „лаицитетот го затвора исламот и другите вери исклучиво во сферата на приватната религиозна практика“! Ова, дотолку повеќе, е особено битно кога станува збор за мултиконфесионални општества, во кои паралелно опстојуваат повеќе религии меѓу исто население, како и за општества кои во поблискиот историски контекст биле под теократски политички режим, како на пример оној на Отоманската Империја на Балканот. Оттука, не смееме да дозволиме македонското Собрание, преку неговиот спикер, како „прв меѓу еднаквите“, да стане центар на антисекуларни активности и затоа тој треба да понесе политичка одговорност за таквите негови провокативни дејствија.

г) Впрочем, со ова еклатантно е прекршена и императивната норма од посебниот *Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група* (Сл. весник на РМ бр. 113/2007 и 132/10) кој дословно и изречно вели: „Богослужба, молитва и други манифестации на верата во верски објект може да организира и да врши верски службеник од црква, верска заедница и религиозна група во Република Македонија или со нивна дозвола“ [чл. 18, ст. 3 од ЗППЦВЗРГ]; како и тоа дека „**Религиозниот култ** се врши во верски објекти како храм, џамија, молитвен дом, синагога, на гробишта и во други простории на црква, верска заедница и религиозна група“ [чл. 18, ст. 1] – а никако во парламентот или било кој друг орган на централната или локалната власт!

Иако државата ја гарантира слободата на вероисповеста, сепак ниту Уставот, ниту Деловникот на Собранието, ниту позитивните законски прописи кои се дел од внатрешниот национален правен поредок, а ниту компаративната европска парламентарна пракса не познаваат

можност или ситуација на изведување на верски обреди – во случајов групна **исламска молитва** in concreto внатре во Собранието (на локација, т.е. адреса на бул. „11 Октомври“ бр. 10 – Скопје), како преставнички орган на сите граѓани и носител на законодавната власт во Републиката! Впрочем, тоа е јасно и од важечкиот и веќе цитиран lex specialis – т.е. *Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група* (2007) којшто јасно и недвосмислено регулира дека: „Верското убедување не го ослободува граѓанинот од обврските што како граѓанин ги има според Уставот, законите и другите прописи, освен ако тоа со закон или друг пропис поинаку не е уредено“ [чл. 4, ст. 2]!

д) Argumentum a fortiori, контроверзната модераторка Мерсиха Смаиловиќ и уште неколку присутни жени во салата од исламска вероисповест, на критичниот настан, недозволиво и противправно носеле **религиска облека** [„хиџаб“] во просториите на јавен објект – нешто што има третман на кривично дело и е спротивно на *Законот за забрана да се носи зар и фереџе* (Сл. весник на НРМ бр. 1/1951, кој со чл. 5, ст. 1 од *Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ* од 1991 година е преземен како наш републички пропис): „По сеопшто барање на широките народни маси да се отклони вековниот знак на потчинетоста и културната заостанатост на жената-муслиманка и да ѝ се обезбеди полна рамноправност и широко учество во општествениот, културниот и стопанскиот живот на земјата, се забранува носењето на зар и фереџе и секое покривање на лицето на жените“ [чл. 1]!

### *2. Повреда на дипломатските правила за обезбедување ВИП личности*

а) Според кривичната пријава на МВР – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, на ден 1 август 2024 година, **шефот на обезбедувањето на претседателот на Собранието** – Сабедин Синани, по негова спикерска директива и претходно добиени инструкции лично од Гаши, а по реализиран телефонски повик од косовската претедателка Вјоса Османи, која не сакала да помине не безбедносниот скенер на Меѓународниот Аеродром Скопје (Петровец), пристигнал на паркингот пред VIP салонот со службено полициско возило со поставени ротациони светла (флешери), излегол од возилото и од појасот го извадил службениот пиштол, го репетирал и се заканувал на полицискиот службеник од ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје кој извршувал работни задачи пред вратата на ВИП салонот. Притоа, тој му се обратил на висок тон, го турнал наназад со двете раце и заканувајќи му се го спречил полицискиот службеник во извршување на неговите службени дејствија – со што сторил стек на кривични дела „Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ – казниво по чл. 382 од КЗ и „Загрозување на сигурноста“ – казниво по чл. 144 од КЗ! Ваквото багабонтско и шерифско однесување е неприфатливо во секоја цивилизирана земја, а политичката одговорност на Гаши е уште поголема знаејќи го фактот дека тој самиот јавно призна дека лично дал наредба, т.е. долеал „масло на огнот“, праќајќи го својот телохранител да спроведува силеџиска „улична правда“ на место каде за тоа нема никаква надлежност.

***3. Повреда на употребата на македонскиот јазик***

а) Пратеникот Африм Гаши на конститутивната седница, одржана на 28 мај 2024, како предлог кандидат за претседател на Собранието на Република С. Македонија, поднесен со архивски бр. 08-2615/1 (28 мај 2024 год.), од пратеници на коалицијата „Вреди“, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Движењето ЗНАМ, со *Одлука за избор на претседател на Собранието на Република Северна Македонија* (Сл. весник на РМ бр. 113/2024) е избран за претседател на Собранието. При давањето на **свечената изјава**, како веќе избран претседател на Собранието, текстот на Изјавата од страна на преседавачот со конститутивната седница беше читан, а од страна на веќе избраниот претседател беше гласно повторуван (рецитиран) прво на јазик различен од македонскиот јазик, односно на „јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија“ – што е противделовнички и спротивно на чл. 122, ст. 1 од новиот Деловник на Собранието на РМ (2023): „Претседателот на Собранието и потпретседателите на Собранието, претседателот на Владата, министрите и судиите на Уставниот суд на Република Македонија, пред преземањето на должноста, даваат свечена изјава пред Собранието. Текстот на свечената изјава гласи: ‘Изјавувам дека функцијата (се наведува функцијата) ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија’“.

б) Во однос на **личното име** (име и презиме) со кое се служи претседателот на Собранието во званичната писмена кореспонденција, а кое е запишано во изводот од Матичната книга на родените – од стапување на функцијата до денес, претседателот истото го користи само и исклучиво на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република С. Македонија и на неговото писмо, поточно само на малцинскиот албански јазик и неговото латинско писмо, без истот да го транскрибира, преведе и напише на македонски литературен јазик – согласно кириличниот правопис (пр. Afrim Gashi, наместо Африм Гаши). Ова е спротивно на чл. 1, ст. 2 од *Законот за личното име* (Сл. весник на РМ бр. 8/1995 и 66/07, 103/08, 51/11, 154/15, 55/16, 302/20, 67/22): „Граѓанинот се служи со личното име, што му е запишано во матичната книга на родените“!

в) Претседателот на Собранието – Гаши свесно и тенденциозно го истиснува од употреба **македонскиот јазик и неговото кирилско писмо** и, покрај укажувањата на координациите од страна на координаторот на ПГ на Левица, постапува самоволно, провокативно и спротивно на:

- чл. 7, поточно на Амандманот V (2001) од *Уставот на Република Македонија* (1991): „На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо“; и
- на *Законот за употребата на македонскиот јазик* (Сл. весник на РМ бр. 21/2024): „Употребата на македонскиот јазик како службен јазик е право и должност на граѓаните на Република С. Македонија. Употребата на македонскиот јазик како службен јазик во меѓународните односи е право и должност на секој претставник на државната и на локалната власт. Македонскиот јазик е нематеријално културно наследство на Републиката, во согласност со закон“ [чл. 1, ст. 2-4]; „Македонски јазик, во смисла на овој закон, е македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо“ [чл. 2, ст. 1]; „Примената, заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо опфаќаат, особено: - зголемена

општествена и индивидуална грижа за правилната употреба на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо во јавната и во службената комуникација во Републиката; - правилна употреба на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо во законодавната, во судската и во извршната власт, како и во правните лица основани со Устав и со закон во меѓусебната комуникација; - укажување и отстранување на јазичните недоследности и неправилности во употребата на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо“ [чл. 4, ст. 1, ал. 3, 7 и 14 од ЗУМЈ]!

Дополнително, тој малициозно не го почитува ниту новиот *Деловник на Собранието на РМ* (2023), кој започна да се применува од овој собраниски персонален состав, па буквално сите **работни материјали** кои излегуваат од неговиот Кабинет, противуставно, противзаконски и противделовнички – поради каприц – ги доставува исклучиво двојазично [паралелно на македонски и на албански јазик, во две колони на ист лист хартија!?] – иако тоа треба да го прави само со пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, што значи дека злонамерно и перманентно го крши членот 3, ст. 4 од Деловникот: „Пратеник, избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република С. Македонија, материјалите навремено ги добива, односно доставува и на неговиот јазик и писмо за да послужат на седница на Собранието или седници на работните тела“! Argumentum a fortiori, дури и натписите пред канцелариите на сите три ката во Собранието илегално се напишани двојазично!?

### *4. Повреда на правилата за употреба на државните инсигнии*

а) Во пленарната собраниска сала „Македонија“, каде што се одржуваат редовните и свечените собраниски седници, спротивно на членовите 1 и 5 од *Уставот на РМ* (1991) и спротивно на членовите 2 и 3 од системскиот *Закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија* (Сл. весник на РМ бр. 32/1997) – покрај **македонскоро знаме** се веат уште и знамиња на две други меѓународни организации!? Имено, неосновано е поставено знамето на НАТО – што не е случај во ниту една друга земја-членка на НАТО пактот + знамето на ЕУ, иако Република Македонија сè уште не е полноправна земја-членка на Европската унија!?

Ова е пракса која, како и држењето албанско знаме во својот Кабинет – како знаме на туѓа држава – во иднина, ќе мора да се усогласи со позитивните законски прописи од јавното право (*ius publicum*), кои патем речено, се носат со квалификувано 2/3 мнозинство – па затоа бараме спикерот да овозможи веење само и исклучиво на македонското знаме во Собранието – како централен орган на јавната власт и носител на законодавната власт во Републиката.

### *5. Повреда на начелото на инкомпатибилност на функциите*

а) Повиканиот на интерпелација Африм Гаши, во својство на овластено службено лице, како претседател на Собранието на Република С. Македонија, на Втората одржана собраниска седница, на ден 7 јуни 2024, **неспроведувајќи ја својата службена обврска** – не ја ставил на дневен ред и не го констатирал престанокот на мандатот на новоизбраниот пратеник Талат Џафери од ДУИ, избран на редовните Парламентарни избори за пратеници 2024 (8 мај 2024), чиј

мандат е верификуван со *Одлука за верификација на мандатот на пратениците во Собранието на РСМ– бр. 08-2612/1* (од 28 мај 2024 год.), поради уставна инкоматибилност, т.е. неспоивост на функцијата пратеник со функцијата премиер [претседател на Влада] – со што, дури сторил и кривично дело „Несовесно работење во службата", казниво по чл. 353-в од *Кривичниот законик* (1996).

Имено, ова е сторено и покрај укажувањето од страна на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) преку *Соопштение* од 31 мај 2024 год. + како и покрај писменото *Барање за констатирање престанок на функцијата пратеник* поднесено од пратеничката група на Левица на ден 4 јуни 2024 (вкупно шест пратеници: Димитар Апасиев, Борислав Крмов, Реџеп Исмаил, Јована Мојсоска, Амар Мециновиќ и Сашко Јанчев) – со кое итно го повикуваат новиот собраниски спикер, како избран функционер и службено лице, да ги почитува начелата, обврските и забраните утврдени во:

- член 63, став 5 и чл. 89, ставови 2 и 5 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991);
- чл. 44, ст. 1-2 од *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси* (Сл. весник на РМ бр. 12/2019);
- чл. 8, ст. 1, ал. 3 и ст. 2 и чл. 9 од *Законот за пратениците* (Сл. весник на РМ бр. 84/2005 и 161/08, 51/11, 109/14, 140/18, 27/19);
- чл. 6, ст. 1, ал. 3 и ст. 3 и чл. 7, ст. 2 од *Законот за Собранието – Пречистен текст* (Сл. весник на РМ бр. 87/2023); и
- чл. 8, ст. 1 и 5 и чл. 152, ст. 1, ал. 3 и ст. 3 од *Изборниот законик* (Сл. весник на РМ бр. 40/2006 и 127/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24).

Со ова се флагрантно повредени позитивно-правните прописи од јавното право (лат. ius publicum) за поделба на власта и за неспоивост на функциите претседател на Влада и пратеник, очигледно несовесно постапувајќи во извршувањето на своите службени должности преку своето противуставно, противзаконско и противделовничко делување не постапил согласно своите службени должности и свесно и намерно овозможил лицето Талат Џафери противзаконски истовремено да биде носител на две инкомпатибилни јавни функции (пратеник и претседател на Влада), преку кои истиот противправно остварувал нематеријална и материјална корист.

### *6. Повреда на законските и етичките одредби за антинепотизам*

а) Од 7 до 10 јули 2024 година, спикерот Гаши бил на неколкудневно непотребно **службено патување во Вашингтон** (САД), на средба со неофицијални претставници на Парламентарниот самит на ПС на НАТО. Втората паралелн т.н. Македонска делегација [бидејќи веќе имало една владина] – за која е платено сумарно преку 17.500 ЕУР – броела вкупно шест лица, меѓу кои и сопругата на Гаши – г-ѓа Јелиз Гаши [!?], со што директно е неиспочитуван угледот на Собранието, затоа што сопругата на спикерот нема никакви, па дури ни протоколарни привилегии во официјалните патувања, како што обичајно има „првата дама" на шефот на државата. Со ова е постапено спротивно на антинепотистичките принципи и на начелото на економичност, утврдени во посебниот *Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси* (Сл. весник на РМ бр. 12/2019): „Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со

нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени. Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење“ [чл. 54]!

Дополнително, сторена е и **тешка дисциплинска повреда**, односно постапено е и спротивно на следниве задолжителни одредби од *Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на РМ* (2018):

- „Пратеникот во своите постапки и делувања се води од јавниот интерес при што не смее да ја користи својата функција за стекнување лична корист или корист на блиски лица...“ [чл. 5, ст. 1 од Етичкиот кодекс];
- „Пратеникот е должен да ги почитува правилата кои се однесуваат на спречување судир на јавниот и приватниот интерес“ [чл. 8];
- „Пратеникот е должен да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција во случај на постоење сомневање на судир на интереси“ [чл. 8-а];
- „Пратеникот, при извршувањето на функцијата, ја почитува буџетската и финансиската дисциплина со цел правилно управување со јавните средства и нема да презема дејствија за ненеменско трошење на јавните средства“ [чл. 11].

### *7. Повреда на деловничките одредби за нормална работа на пратениците*

Дополнително, за само два месеца на функцијата, повиканиот спикер Гаши стори серија деловнички прекршувања кои покажуваат дека тој нема капацитет за правилно водење на седниците, а коишто поконкретно се однесуваат на:

а) **Непочитување на императивните рокови на закажување седници** – речиси сите досегашни седници се закажани како „итни“, без притоа да се образложи причината за итноста и воопшто непочитувајќи го членот 74, ст. 1 од Деловникот: „Решението за свикување на седница на Собранието со предлогот на дневниот ред и материјалите по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за седницата, на пратениците им се доставуваат најмалку 10 работни дена пред денот определен за одржување на седницата“.

б) **Редовните понеделнички координации се само „про форма**“, бидејќи ништо од договореното на нив не важи повеќе од 24 часа – што, пак, е спротивно на чл. 66, ст. 3 од Деловникот: „На координативната средба: (1) се врши усогласување на распоредот за работа на работните тела во Собранието; (2) се прави годишна проекција за одржување надзорни расправи во поглед на нивниот број и динамика на одржување согласно со средствата и условите со кои располага Собранието во тековната година; (3) се вршат консултации по определени предлози на закони; (4) се вршат консултации за предлогот на дневен ред за седница на Собранието; и (5) се разгледуваат и други прашања од надлежност на Собранието“.

в) Удоволувајќи му на парламентарното мнозинство, спикерот овозможува недолични **постполноќни сеанси**, односно седниците да траат и до раните утрински часови [пр. како што беше примерот на 8 јуни 2024, кога во три часот по полноќ, со двотретинско мнозинство се изгласа *Законот за организација и работа на органите на државната управа*] – непочитувајќи го

работното време на пратениците, како и деновите за одмор и средби со граѓани (петок, викенди и сл.) – со што флагрантно ги крши следниве деловнички норми:

- „Седница на Собранието се одржува во времето од 11:00 до 18:00 часот, со пауза од еден час...“ [чл. 74, ст. 5];
- „Одморот на Собранието трае од 1 до 31 август“ [чл. 5, ст. 2];
- „Секој последен ден во работната недела (петок) се определува како ден за контакти на пратенците со граѓаните и избирачите во изборните единици. Собранието во денот определен во ставот 2 од овој член, по правило, не одржува пленарни седници, седници на работни тела и активности на пратенички групи за соработка со парламенти на други држави, освен во итни и неодложни ситуации“ [чл. 36, ст. 2-3 од *Законот за Собранието на РМ*].

г) Спикерот Гаши ја продолжува и надградува лошата пракса на неговиот претходник Таљат Џафери, која беше нотирана и во сите досегашни ЕУ извештаи за напредокот на земјава на полето на владеењето на правото, со т.н. **шверцерат на закони** – односно носење на речиси секој предлог-закон по скратена постапка, злоупотребувајќи ги деловничките можности кога е тоа дозволено и опортуно.

д) И конечно, и со овој спикер продолжува сагата за **паркинг за пратеници** – бидејќи ние сме единствениот парламент во светот каде што стаферите паркираат на службен паркинг, а пратениците – како избрани лица на избори – паркираат на тротоари или во тревни површини, бидејќи нема слободно паркинг место, а очигледно нема ни волја за решавање на овој секојдневен хроничен проблем за нормално функционирање на Собранието (пр. со картички, посебни пропустници, сензорни рампи, резервирани места за пратенички групи или сл.).

* * *

Од горенаведените многубројни и детално аргументирани причини, а имајќи го предвид чл. 62 од *Деловникот на Собранието* и делегираните надлежности на претседателот на Собранието утврдени во истиот, меѓу кои и тоа дека претседателот го претставува Собранието, се грижи за примената на Деловникот, врши работи утврдени со Уставот, закон и деловник и функцијата ја извршува совесно и одговорно со почитување на Уставот и законите на Република Македонија – за кои должности ја има и потпишано *Свечената изјава* кога е избран за претседател, бараме пленумот на Собранието во целост да ја прифати поставената Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република С. Македонија – Африм Гаши од страна на пратеничката група на Левица, како опозициска парламентарна партија, и да донесе заклучок за наводите во истата, како конституционален механизам на парламентарната контрола и надзор, констатирајќи дека претседателот на Собранието **несовесно и неодговорно** ја врши јавната функција и не го почитува Уставот, законите и Деловникот на Собранието.

**ПРАТЕНИЦИ:**

1. **Димитар Апасиев** ______________________
2. **Борислав Крмов** _______________________
3. **Реџеп Исмаил** _________________________
4. **Јована Мојсоска** _______________________
5. **Амар Мециновиќ** _______________________
6. **Сашко Јанчев** __________________________